Врз основа на член 68 став (5) точка б) и 99 став (2) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015, 30/2016, 21/2018, 245/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 180/2019 и 103/2021) Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финасирано пензиско осигурување, на седницата одржана на 27.4.2023 година донесе

# П Р А В И Л Н И К ЗА НАДОМЕСТОЦИ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ПЕНЗИСКИ ФОНДОВИ

## Општи одредби

### Член 1

Со овој правилник поблиску се уредуваат надоместоците што ги наплаќаат друштвата за управување со задолжителни пензиски фондови и друштвата за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови (во натамошниот текст: друштвата) и се определува временскиот период за кој може да се намали висината на надоместок од придонесите уплатени во задолжителниот пензиски фонд (во натамошниот текст: надоместок од придонеси) на член на задолжителен пензиски фонд

## Надоместоци што ги наплаќаат друштвата

### Член 2

Друштвото може да ги наплаќа од секој поединечен член и од секој времено распределен осигуреник во задолжителниот пензиски фонд со кој тоа друштво управува, следните надоместоци:

надоместок од придонеси кој друштвото го наплаќа од секој уплатен придонес на секоја индивидуална сметка или на секоја индивидуална потсметка на посебната сметка пред тие парични придонеси да бидат претворени во сметководствени единици на задолжителниот пензиски фонд и

б) месечен надоместок од вредноста на вкупните нето средства на задолжителниот пензиски фонд (во натамошниот текст: надоместок за управување со средства).

### Член 3

Кога средствата од индивидуалната потсметка се пренесуваат на индивидуална сметка на член на задолжителен пензиски фонд, тие не се сметаат за придонес и за нив не се наплаќа надоместок.

### Член 4

(1) Надоместокот од придонеси и надоместокот за управување со средства, определени од друштвото, не може да бидат повисоки од максималната висина на надоместоците определена со Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: законот).

(2) Доколку друштвото не определи некој од надоместоците од став (1) на овој член, го наплатува максималниот надоместок определен со законот.

(3) Друштвото ги утврдува износите на надоместокот од придонесите, надоместокот за управување со средствата и надоместокот за премин како и износот на намалувањето на надоместокот од

придонеси врз основа на должината на членување во задолжителен пензиски фонд во статутот на задолжителниот пензиски фонд со кој управува и истите ги објаснува во информативниот проспект.

Член 5

(1) Надоместокот од придонеси се смета дека е стекнат кога придонесите се примени од чуварот на имот на соодветниот задолжителен пензиски фонд и одобрени од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: Агенцијата) и се наплатува секој работен ден.

Надоместокот од придонеси се пресметува со множење на процентот на надоместок од придонеси кој се наплаќа со износот на придонесите уплатени на секоја индивидуална сметка или индивидуална потсметка, зависно од случајот и се наплатува со намалување на пресметаниот износ од уплатените придонеси, секој ден кога се примаат придонеси.

(2) Надоместокот за управување со средства се смета дека е стекнат на секој датум на проценка, а се наплаќа петтиот работен ден во месецот по проценката.

Надоместокот за управување со средства се пресметува на секој датум на проценка со делење на надоместокот од член 2 точка б) од овој правилник со бројот на датуми на проценка во тој месец и потоа резултатот се множи со вредноста на нето средствата на задолжителниот пензиски фонд.

Начин и време на плаќање на надоместоците на друштвата

Член 6

(1) Секој работен ден Агенцијата му дава на чуварот на имот информација за надоместокот од придонеси што е достасан и што треба да се плати. По приемот на фактура од друштвото за овој надоместок, чуварот на имот истиот ден ја прави соодветната уплата доколку износот на фактурата е еднаков со износот даден од Агенцијата.

Чуварот на имот, секој прв работен ден во месецот, врши пресметка на надоместокот за управување со средства на пензискиот фонд кој е достасан и кој треба да го пренесе на сметката на друштвото.

(3) Секое друштво поднесува фактура месечно до чуварот на имот за плаќање на надоместокот за управување со средствата, пресметан согласно член 5 став (2) на овој правилник на следниот начин:

а) фактурата се поднесува во рок од три работни дена од последниот работен ден во месецот;

б) по приемот на фактурата чуварот на имот истиот ден го плаќа надоместокот за управување со средства на друштвото доколку износот на фактурата е еднаков со пресметката направена од чуварот на имот.

(4) Чуварот на имот ги известува друштвото и Агенцијата за износот на надоместокот доколку износот на фактурата не е еднаков со износот од информацијата од Агенцијата и направената пресметка од чуварот на имот. Доколку е потребна корекција на износот на фактурата, друштвото веднаш доставува нова фактура, по што чуварот постапува согласно ставовите (1) и (3) од овој член.

Намалување на надоместокот од придонеси врз основа на должината на членување во задолжителен пензиски фонд

Член 7

Надоместокот од придонеси може да се намали за членови на задолжителен пензиски фонд кои континуирано биле членови на тој задолжителен пензиски фонд во временските периоди утврдени во член 9 на овој правилник. Намалувањето на надоместокот од придонеси се прави на еднаков начин за сите членови кои биле членови во истиот задолжителен пензиски фонд во ист временски период.

Член 8

Намалувањето на надоместокот од придонеси претставува процентуално намалување на стапката на надоместокот од придонеси (на пример, ако тековниот надоместок од придонеси изнесува 4% од уплатените придонеси и намалувањето е 10%, новиот надоместок од придонеси е: 4 % x 0,9 = 3,6%).

Член 9

(1) Секое друштво го применува намалувањето на надоместокот од придонеси според следната табела:

| Број на денови | Процент на намалување |
|---|---|
| 0< број на денови ≤ 360 | a % |
| 360< број на денови ≤720 | b % |
| 720< број на денови ≤1080 | c % |
| 1080< број на денови ≤1440 | d % |
| 1440< број на денови ≤1800 | e % |
| 1800< број на денови ≤2160 | f % |
| број на денови> 2160 | g % |

(2) Надоместокот од придонеси не може да се намалува со зголемено траење на членството (т.е. во табелата со процентите за намалување, дадена погоре: a≤ b≤ c≤ d≤ e≤ f≤ g).

(3)Бројот на денови се пресметува од датумот кога членот се стекнал со статус на член во задолжителниот пензиски фонд.

(4) По исклучок од став (3) на овој член, при прво членство во задолжителен пензиски фонд, бројот на денови се пресметува од првиот ден во месецот за кој членот стекнал право на придонес во задолжителниот пензиски фонд.

Промени во надоместоците кои ги наплаќаат друштвата

Член 10

(1) Друштвото е должно да достави до Агенцијата барање за одобрување на намалување или зголемување на процентот на надоместокот од придонесите. По приемот на одобрувањето од Агенцијата, друштвото е должно да ја објави промената најмалку во еден од најтиражните дневни весници што излегува во Република Северна Македонија.

(2) По исклучок од став 1 на овој член, друштвото не доставува барање за одобрување, доколку го наплатува максималниот надоместок определен со законот.

Друштвото е должно да ја објави промената на законски определениот надоместок, во рок од пет работни дена од денот на промената на надоместокот, најмалку во еден од најтиражните дневни весници што излегува во Република Северна Македонија.

Член 11

(1) Намалувањето на процентот на надоместокот од придонеси започнува да се применува од 1-ви во месецот кој следи најмногу еден месец по месецот во кој е објавена промената.

(2) Зголемувањето на процентот на надоместокот од придонеси започнува да се применува од 1-ви во месецот кој следи шест месеци по првото објавување на промената.

Член 12

(1) Откако ќе се објави промената, одлуката за намалување на процентот на надоместокот од придонесите, не може да се поништи пред датумот на отпочнување на примената.

(2) Друштвото треба да ја извести Агенцијата доколку го поништи зголемувањето на надоместокот од придонеси пред датумот на примена и да го објави најмалку во еден од најтиражните дневни весници што излегува во Република Северна Македонија. Во тој случај, друштвото може повторно да го зголеми надоместокот од придонеси, по истекот на најмалку два месеца од датумот на објавување на поништувањето.

Член 13

(1) Друштвото доставува писмено известување до секој член кој има индивидуална сметка во задолжителниот пензиски фонд со кој управува за секоја одлука за зголемување на процентот на надоместокот од придонеси, на истиот датум кога известувањето е објавено во еден од најтиражните дневни весници. Известувањето се објавува и на веб страната на друштвото.

(2) Друштвото му доставува копија од известувањата од став (1) на овој член на секое лице кое има намера да потпише договор за членство со тоа друштво пред потпишувањето на договорот за членство од страна на тоа лице.

Завршни одредби

Член 14

(1) Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен весник на Република Северна Македонија“.

(2) Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилник за надоместоци за задолжителните пензиски фондови („Службен весник на Република Македонија“ бр.100/2013, 25/2014 и 32/2018).

Бр. 01-677/4 Совет на експерти

28 април 2023 година Претседател,

Скопје Максуд Али, с.р.